# АСОЦИЈАЦИЈА НА КАБЕЛСКИ ОПЕРАТОРИ
# АКО - СТОПАНСКА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА СКОПЈЕ

Ул. Народен Фронт бр. 19а локал 48 Скопје – Центар
ж.с-ка: 200003025745339 Даночен број: 4080016558573 Стопанска Банка АД-Скопје

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 07-12-2018
Орг. единица: 01 | Број: 5312 | Прилог: 1 | Вредност:

Асоцијација на кабловски оператори
АКО - стопанска интересна заедница
Бр. 0505/178
07.12.2018 год.
СКОПЈЕ

ДО:

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија**
**Палата Панко Брашнаров, ул. „Македонија“ бр.3**
**1000 Скопје**

ПРЕДМЕТ: Мислење за потребата од измени на Правилникот за содржината и формата на пријавата за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и на потврдата за регистрација на програмски пакети/сервиси

ОД:
Асоцијација на кабелски оператори АКО – стопанска интересна заедница Скопје, со адреса на ул. Народен Фронт бр. 19а лок. 48, застапувана од управителот Биљана Стојановска

0101
1

Почитувани,

Во врска со пвикот да се изјасниме дали сметаме дека има потреба од измени и дополнувања на Правилникот за содржината и формата на пријавата за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и на потврдата за регистрација на програмски пакети/сервиси (во понатамошниот текст: Правилник), како и по предлогот за имени на истиот од страна на Македонската медиумска асоцијација ММА Скопје, Ве известуваме дека членките на Асоцијацијата АКО децидно сметаат дека апсолутно не постојат никакви потреби од измени и дополнувања на Правилникот, додека во однос на предложените измени на ММА Ве известуваме дека во целост не сме согласни со истите. Имено, како што и самите знаете, Правилникот веќе со години се применува и не ни е познато дека Вие или некоја трета засегната страна детектирала некакви аномалии во истиот. Што се однесува до предлогот на ММА, на самата „јавна„ расправа одржана во Вашите простории на ден 05.12.2018г. Ви беше јасно укажано од нас, но и од еминентни академски професори по авторско право и сродни права дека предложената измена не е во склад со македонското законодавство. Како што и самите знаете, Агенцијата не е надлежен орган кој може да наложува со подзаконски акти како да се уредуваат писмените договори помеѓу авторите и корисниците, а најмалку пак дека било кој државен орган може да наложи какви одредби да содржи договорот и да се меша во договорниот однос. Ваквиот предлог и самите знаете дека не е во склад и со директивите на Европската Унија.

Оттаму, сметаме дека следствено на посочената јавна расправа, ќе донесете заклучок дека потреба од измени и дополнувања на Правилникот нема, а предлогот за измени на Правилникот од страна на ММА ќе го сметате за непрофесионален.

За сите идни предлози, Ве замолуваме да не известите благовремено.

Скопје, 07.12.2018г.

Асоцијација на кабловски оператори - стопанска интересна заедница АКО СКОПЈЕ

За Асоцијација на кабелски оператори АКО – СИЗ Скопје

Биљана Стојановска